**СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ**

# ОДЛУКА

за назначување на овластено ревизорско друштво за 2020 година

Скопје, Јуни 2020 година

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (С.О.бр. 399/04.03.2020, пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје, на седницата одржана на 30.06.2020 година, донесе

**ОДЛУКА**

за назначување на овластено ревизорско друштво за 2020 година

1. Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје (СБ) го назначува ревизорското друштво ***PricewaterhouseCoopers Ревизија ДОО Скопје*** за овластено ревизорско друштво што ќе врши ревизија на финансиските извештаи и книговодствената евиденција за деловната и фискална 2020 година.

2. Предлогот за избор на ревизорското друштво од точка 1 од оваа Одлука се утврди од страна на Одборот за ревизија на седницата одржана на 26.05.2020 година и истиот се одобри од страна на Надзорниот одбор на седницата одржана на 28.05.2020 година.

3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

С.О. бр.417
30.06.2020 година
Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

**Претседавач,**

**Наташа Трпеноска Тренчевска**

Стопанска банка А.Д. СКОПЈЕ 01 СКОПЈЕ

**ПРЕДЛОГ**
**За назначување на овластено ревизорско друштво за 2020 година**

Во согласност со член 104 и 105 од Законот за банки, Стопанска банка АД – СКопје (понатаму: Банката) има обврска да назначи овластено ревизорско друштво кое ќе изврши ревизија на работењето на Банката во 2020 година.

Во согласност со член 26 и член 60 од Статутот на СБ, предлогот за назначување на овластено ревизорско друштво се определува од Одборот за ревизија и откако истиот се одобрува и од Надзорниот одбор, се доставува до Собранието на акционери.

Следејќи ја оваа постапка, Одборот за ревизија на СБ на седница одржана на 26.05.2020 година го определи предлогот ***PricewaterhouseCoopers Revizija ДОО Скопје*** да се назначи за овластено ревизорско друштво кое ќе ја изврши ревизијата на финансиските извештаи и книговодствената евиденција на СБ за деловната и фискална 2020 година, во согласност со домашните регулаторни стандарди.

Надзорниот одбор го одобри предлогот на Одборот за ревизија на седницата одржана на 28.05.2020 година.

Во согласност со горенаведеното, се предлага Собранието на акционери да ја одобри предложената Одлука.

Скопје, мај 2020

**НАДЗОРЕН ОДБОР**